Јавна здравствена установа
Здравствен дом Велес
Бр. 03-423/3
28.04.2014 год.
Велес

Технолошко-технички факултет-Велес

| Примено: | 03.06.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 515/1 | | |

# Д О Г О В О Р

Склучен на ден ____________год. помеѓу следните

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ Велес,** ул.Шефки Сали бр. 5 Велес, со ЕДБ 4004005117399, застапуван од ВД Директорот Спец.Д-р Татјана Самаракова, како давател на услуги, и

2. **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ Велес,** ул.Петре Прличко, бр.42 Велес, со ЕДБ 4004008122121, застапуван од одговорното лице Доц.Д-р Валентина Павлова, како барател на услуги.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**член 1**

Предмет на овој Договор е регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со вршење на услуги од страна на давателот на услуги на работниците кај барателот на услуги, согласно чл.20 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл.в. на РМ. Бр.53/2013), како и подзаконските акти.

Услуги кои ќе бидат извршени се:
-превентивни здравствени прегледи на **19 (деветнаесет)** вработено лице кај барателот на услуги во согласност со посебни прописи,
-обезбедување на медицински услуги за вработените со професионална болести,
-утврдување и проучување на причината за инвалидност и професионални болести во врска со работењето и повреди при работа, предлагање на соодветни безбедносни мерки и мерки за лекување, учество во извршувањето на соодветна професионална рехабилитација и консултација за изборот на посоодветни работни задачи,
-давање предлози и мерки на работодавачот за заштита на здравјето на вработените кои се изложени на голема опасност од повреда или нарушување на здравјето,
-водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на работното место и на работната средина,
-да ги запознае вработените со ризиците кои се поврзани со нивната работа, нивното работно место и вршење на едукација.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**член 2**

Вредноста на услугите согласно член 1 од овој Договор ќе биде утврдена врз основа на единечните цени дадени во понудата. Единечната цена на прегледите, согласно Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените (Сл.весник на Р.М. бр.60/13), изнесува **800,00 денари за основен преглед.**

**НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ**

**член 3**

Плаќањето на цената од член 2 на овој Договор ќе се врши по извршените здравствени прегледи, во рок од **30 дена** од доставување на фактурата или директно кај Давателот на услуги.

**ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГИ**

**член 4**

Давателот на услуги се обврзува да ги изврши услугите опишани во член 1 од овој Договор по добиено барање со список на вработени лица на кои треба да им се изврши здравствен преглед и динамика потребна за извршување на прегледите, односно во рок од 60 дена од денот на

склучување на договорот или друг рок кој ќе биде определен во договорот во согласност на договорните страни.

Давателот на услуги е должен кон фактурата да приложи и извештаи за здравствената и работната способност на работниците на кои им се извршени здравствени прегледи од страна на Службата за медицина на труд.

**член 5**

Давателот на услуги се обврзува дека договорните услуги ќе ги изврши со бараните карактеристики, квалитет, професионална грижа и етика.

## ОБВРСКИ НА БАРАТЕЛОТ НА УСЛУГИ

**член 6**

Барателот на услуги се обврзува дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) од страна на давателот на услуги за целиот утврден износ за извршените услуги во рок утврден во член 3 или директно кај Давателот на услуги.

**член 7**

Барателот на услуги е должен да достави список на вработени над кои треба да се извршат здравствени прегледи и да го одреди планираниот период на започнување на прегледите.

## ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

**член 8**

Сите меѓусебни недоразбирања, договорните страни ќе ги решаваат во духот на традиционалната добра деловна соработка и деловни односи.

Доколку таквите недоразбирања страните не можат меѓусебно да ги решат, надлежен за решавање ќе биде Основниот суд во Велес.

За се што не е предвидено во овој договор, ќе се применуваат одредбите на Законот за облигационите односи..

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**член 9**

Договорот може да се раскине со спогодба на двете договорни страни.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува догоровoрот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите на овој Договор само спогодбено.

Одредбите од овој Договор можат да се дополнат или изменат со склучување на Анекс на Договорот.

Овој договор е составен во 3 (три) еднообразни примероци од кои 2 (два) за давателот на услугата и 1 (еден) за барателот на услугата.

| ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ | БАРАТЕЛ НА УСЛУГИ |
| --- | --- |
| ЈЗУ Здравствен дом Велес | Технолошко-технички факултет Велес |
| ВД.Директор | Одговорно лице |
| Спец. Д-рТатјана Самаракова | Доц.Д-р Валентина Павлова |